# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

(консолидиран текст)

(„Службен весник на Република Македонија”бр.138/2008 и “Службен весник на Република Северна  Македонија“ бр.27/2022)

## I. Општи одредби

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на уплата на придонеси во доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: доброволен придонес).

Член 2

Уплата на доброволен придонес може да се врши само за лице кои ги исполнува условите за членство во доброволен пензиски фонд согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

**Член 3**

(1) Доброволен придонес се уплаќа на посебна парична сметка на доброволниот пензиски фонд, која се води кај чуварот на имот.

(2) Доброволниот придонес се распоредува на доброволна индивидуална сметка или професионалната сметка на членот во зависност од начинот на зачленување и по исполнување на условите за членство.

**Член 4**

Доброволен придонес се плаќа врз основа на:

- склучен договор за членство помеѓу друштвото и членот.
- склучен договор за членство помеѓу друштвото, членот и физичкото лице кое уплаќа доброволен придонес за членот (во натамошниот текст: уплаќач).
- склучен договор помеѓу друштвото и осигурителот и врз основа на договор за организирање и финансирање професионална пензиска шема склучен помеѓу работодавач и здружение на граѓани (во натамошниот текст: осигурител) и претставник на своите вработени или членови.

**Член 5**

Членот, уплаќачот и осигурителот имаат право слободно да ја одредуваат висината на уплатениот износ на доброволен придонес и динамиката на уплатата, а промената на висината на уплатата или прекинот на уплатата не влијаат на правото на членство во фондот, односно не значат прекин на членството.

**Член 6**

Друштвото е должно да води целосна, точна и ажурна евиденција за уплатените доброволни придонеси на секој член на доброволниот пензиски

фонд со кој управува и да преземе соодветни мерки и активности за спроведување на интерна контрола на евиденцијата на уплатените придонеси и заштита на личните податоци.

## II. Уплата на доброволен придонес од страна на член или друго физичко лице на доброволна индивидуална сметка

### Член 7

(1) Лице кое склучило договор за членство или уплаќачот има право да го уплати првиот доброволен придонес по истекот на пет дена од датумот на потпишување на договорот за членство.

(2) Друштвото, преку агентот кој го склучува договорот за членство треба да го извести лицето кое го склучило договорот или уплаќачот за начинот и рокот за уплата на првиот доброволен придонес.

(3) Доколку лицето кое склучило договор или уплаќачот го уплати првиот придонес пред истекот на рокот од став (1) од овој член, друштвото треба да ги врати уплатените средства на трансакциската сметка на лицето кое го склучило договор или уплаќачот следниот работен ден по денот на уплата на средствата.

(4) По исклучок на став (3) од овој член доколку на денот на прием на средствата друштвото има евидентирано договор за членство со лицето за кое се однесува уплатата, друштвото не ги враќа уплатените средства.

### Член 8

(1) Уплатите на доброволен придонес во име и за сметка на член кој има доброволна индивидуална сметка може да вршат членот и/или уплаќачот.

(2) Уплатата се врши од трансакциската сметка на членот и/или уплаќачот или преку трансакција поврзана со трансакциската сметка на членот и/или уплаќачот.

### Член 9

(1) Доколку се уплати доброволен придонес за лице кое нема склучено договор за членство, друштвото е должно да ги врати уплатените средства на трансакциската сметка на лицето кое ја извршило уплатата следниот работен ден по денот на уплата на средствата.

(2) Средствата од став (1) од овој член се враќаат во целост во нивниот номинален износ.

### Член 10

(1) Доколку Агенцијата го задолжи друштвото да го раскине договор за членство согласно член 16 став (4) од Правилникот за начинот за членство во доброволен пензиски фонд, друштвото ги враќа акумулираните средства од доброволната индувидуална сметка на лицето чиј договор се раскинува на трансакциската сметка на лицето кое ја извршило уплатата.

(2) Средствата од доброволната индувидуална сметка се враќаат на наредниот датум на пренос на средства според вредноста на

сметководствената единица на датумот кој претходи на датумот на пренос, а надоместокот за уплатените средства се враќа во номинален износ.

**Член 11**

(1) Друштвото согласно член 95 став (7) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување не смее да прифати уплата на доброволен придонес за лице кое навршило 70 години возраст или е корисник на старосна, семејна или инвалидска пензија.

(2) Доколку на сметката на доброволниот пензиски фонд се уплати придонес за лице кое навршило 70 години возраст или е корисник на старосна, семејна или инвалидска пензија, друштвото кое управува со тој фонд ги враќа тие средства на трансакциската сметка на лицето или осигурителот кој ја извршил уплатата.

(3) Друштвото ги враќа уплатените средства од став (2) од овој член на наредниот датум на пренос на средства според вредноста на сметководствената единица на датумот кој претходи на датумот на пренос, а надоместокот за уплатените средства се враќа во номинален износ.

## III. Уплата на доброволен придонес од страна на осигурител на професионална сметка

**Член 12**

(1) Уплатите на доброволен придонес во име и за сметка на член кој има професионална сметка може да ги врши само осигурителот кој ја организира и финансира професионалната пензиска шема во која е вклучен членот, по склучување на договор помеѓу друштвото и осигурителот и договор за организирање и финансирање професионална пензиска шема склучен помеѓу осигурителот и претставник на своите вработени или членови.

(2) Уплатата се врши од трансакциска сметка на осигурителот или преку трансакција поврзана со трансакциската сметка на осигурителот.

(3) Друштвото не ги инвестира уплатените придонеси се додека не ги усогласи поединечните уплати за членовите на професионалната пензиска шема со вкупниот износ на уплатени средства од страна на осигурителот.

(4) Доколку осигурителот уплати доброволен придонес за лице кое не е вклучено во професионалната пензиска шема, друштвото е должно да ги врати во номинален износ уплатените средства на трансакциската сметка на осигурителот следниот работен ден по денот на уплата на средствата.

**Член 13**

(1) Износите на доброволните придонеси ги определува осигурителот за сите учесници во професионалната пензиска шема која тој ја организира и финансира.

(2) Износите на доброволните придонеси осигурителот ги определува како процент од платата на членот кој е вклучен во професионалната пензиска шема.

**Член 14**

(1) Уплата на доброволен придонес за едно лице може да се врши само преку една професионална пензиска шема.

(2) Доколку едно лице е учесник во две или повеќе професионални пензиски шеми, друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд во кој се вклучени една или повеќе професионални пензиски шеми го известува лицето дека уплатите може да се вршат само преку една професионална пензиска шема и дека треба да даде изјава за изборот на професионалната пензиска шема во која ќе учествува.

(3) Доколку два или повеќе осигурители уплатат доброволен придонес за лицето, пред да избере професионалната пензиска шема преку која ќе му се уплаќа доброволен придонес, друштвото треба да ги врати уплатените придонеси, по изборот на шема, на осигурителот чија професионалната пензиска шема не е избрана од страна на лицето.

## IV. Завршни одредби

**Член 15**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 16**

( Член 3 од Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2022)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".